скенирано – архива
Моил. – Продекани
– Декан
– Раководит. на инстит.
– Секретар

7.7.2016

Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 25-3844/1
27.06.2016 год

До: УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА
Проф. д-р Владимир Петков, Декан
Адреса: ул. „Лазар Поп Трајков" бр. 5-7, 1000 Скопје

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

**Предмет: Повик на Европската Агенција за безбедност на храната за 2016 година за практична работа за дипломирани студенти без работно искуство (EFSA/NS/TR/2016/01)**

Почитуван г-дин Петков,

Би сакал да Ве информирам дека во тек е повикот на *Европската Агенција за безбедност на храната (ЕФСА)* за практична работа за штотуку дипломирани студенти во насока на стекнување на прво работно искуство од повеќе области.
Агенцијата за храна и ветеринарство како контакт точка во Република Македонија за комуникација со ЕФСА ги пренесува до Вас сите потребни информации за предметниот повик. Информациите за повикот се содржани **во прилог** на дописот и искрено се надевам дека истиот ќе наиде на голем интерес што секако ќе има позитивно влијание врз нашето општество.
Во оваа прилика на заинтересираните кандидати им посакувам среќа на повикот за практиканти во ЕФСА.
Доколку се потребни дополнителни информации во врска со предметниот повик, нашата служба е на Ваше располагање.

Се надевам на наша успешна и плодна соработка во иднина.

Со почит,

**Директор,**
**м-р Зоран Поповски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за храна и ветеринарство СКОПЈЕ

6.7.2016
03 1398

Изработил: Јадранка Ивановска
Одобрил: Сузана Поповска

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот
- Архива на Агенцијата за храна и ветеринарство

qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0
ОБ 4.2.3-06в01

## ПРИЛОГ

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОТВОРЕН ПОВИК НА ЕВРОПСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА (ЕФСА) ЗА 2016 ГОДИНА ЗА ПРАКТИЧНА РАБОТА ЗА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ БЕЗ РАБОТНО ИСКУСТВО

**(EFSA/NS/TR/2016/01)**

**Европската Агенција за безбедност на храна (ЕФСА), со седиште во Парма, Италија отвора места за практиканти (во сите одделенија и сектори).**

**Рок за достава на барањата на заинтересираните кандидати: најдоцна до 31 јули 2016 на полноќ (сметано по локално време, GMT +1)**

**Целокупната содржина на повикот е достапна на следната интернет страница:**
http://careers.efsa.europa.eu/youngprofessionals/jobs/efsa-traineeships-call-2016-20

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОВИКОТ

Повикот се однесува на млади дипломирани студенти, за кои е предизвик стекнување на стручно искуство во некоја од организациите на Европската Унија која дава поттик и динамичност, а во кои се вбројува и Европската Агенција за безбедност на храната (ЕФСА); кои имаат желба да ги применат своите вештини и знаења во една од областите во делокругот на ЕФСА; и кои се во потрага по можност да бидат вклучени во дневното работење на една од организациите на Европската Унија.

Избраните практиканти ќе дадат свој придонес во основните активности на ЕФСА, под надзор на лице одговорно за надзор на практичната работа преку стекнување и размена на искуства во мултикултурна средина.

Содржината на практичната работа зависи од одделението во кое избраниот практикант е распределен. Постои можност за избор на најмногу две области кои се од интерес на практикантот и се поврзани со неговиот образовен профил/стручната оспособеност и тоа: проценка на влијание на ризиците врз животната средина, токсикологија, здравствена заштита на животните, исхрана на луѓе, управување и анализа со податоци, односи со јавноста, правни и нормативни работи, вработување и постапка при избор на кандидат за вработување, итн. При изборот на областа, предност се дава на онаа област која е тесно поврзана со образованието/стручната оспособеност на практикантот.

Избраните практиканти ќе добијат месечна стипендија од 1.115,00 ЕУР. Износот на стипендијата се менува на годишно ниво. **Практичната работа може да биде во времетраење од најмалку 5 до најмногу 12 месеци.** Повеќе информации во врска со придобивките и работните услови се достапни на следната интернет страница: http://www.efsa.europa.eu/sites/default/files/YoungProfessionals_Rules.pdf

При вршењето на изборот ЕФСА применува политика на еднакви можности и не врши дискриминација по ниту еден основ. Изборот се врши врз основа на критериумите за прифатливост и стручната оспособеност на кандидатите при што се обрнува посебно внимание на соодветна рамнотежа во однос на националната и половата припадност.